ПРОЕКТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ
WOMEN'S LEGAL PROTECTION PROJECT

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE
Проект за правна заштита на жените

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# 6 МЕСЕЧЕН преглед на набљудувани судски постапки

# ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

Проектот на **УСАИД** за правна заштита на жените во периодот **од март 2015 до октомври 2015** година набљудуваше **80 ПРЕДМЕТИ** односно **188 судски рочишта** во следниве судови: Основен суд Скопје 1, Основен суд Скопје 2, Основен суд Штип, Куманово, Битола, Тетово, Струмица, Прилеп, Струга и Основен суд Велес.

ЗАКОН

Од нив **159 рочишта** се однесуваат на **кривични постапки**,

а пак **29** на **граѓански постапки** за **насилство врз жени.**

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА МОНИТОРИРАНИ СЛУЧАИ НА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

ОД ВКУПНО **80 ПРЕДМЕТИ** ЗА **НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ, НАЈГОЛЕМ** ДЕЛ СЕ ОДНЕСУВААТ НА **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО 65**

**6** ПРЕДМЕТИ НА **ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ.**

и **1** ПРЕДМЕТ ЗА **НАСИЛСТВО** ВРЗ **СЕКСУАЛНА РАБОТНИЧКА.**

Во овој период не е регистриран па оттука ниту следен предмет за насилство врз сексуална работничка, ниту предмет за надомест на штета во кој жртва иницирала постапка за надомест на штета поради сторено насилство.

Од сторените кривични дела за насилство врз жени**, една третина се предмети за сторена телесна повреда при семејно насилство (20 од 65).**

**ВО НАЈГОЛЕМ ДЕЛ ЗА ИСТИТЕ Е ИЗРЕЧЕНА УСЛОВНА ОСУДА.**


**Проект на УСАИД за правна заштита на жените,** (Октомври 2014-Септември 2017)
**Носител:** Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ)
**Партнерски организации:** Отворена Порта - Ла Страда и Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“
**Проектни компоненти:**
1. Подобрување на судското постапување во предметите поврзани со насилство и дискриминација врз жените;
2. Унапредување на законската рамка со која се овозможува заштита на жртвите на насилство и дискриминација;
3. Унапредување на работењето на граѓанските организации кои обезбедуваат правна помош на жените жртви на насилство и дискриминација;

Проектот на УСАИД за правна заштита на жените жртви на насилство“ има за цел обезбедување на соодветна правна заштита на жените жртви на дискриминација и насилство, конкретно на жртвите на семејно насилство, жртвите на трговија со луѓе и сексуалните работнички.

Во рамките на проектот на УСАИД во период од (2015-2017) ќе се спроведува набљудување на судски постапки за насилство врз жени.

# ПРЕГЛЕД НА КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ по вид на насилство

## СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Мониторирани се **63 кривични предмети кои се однесуваат на семејно насилство** од кои 32 предмета се во тек, а за 22 е донесена судска пресуда.

Од вкупниот број на кривични дела за семејно насилство :

Најголем број се однесуваат на **ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО,** односно загрозување на животот и физичкиот интегритет на жртвата, и тоа:

**4 ДЕЛА ЗА УБИСТВО** КАКО РЕЗУЛТАТ НА **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

**5 ДЕЛА ЗА ТЕШКА ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА** КАКО РЕЗУЛТАТ НА **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

**20 ДЕЛА ЗА СТОРЕНА ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА** ПРИ **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО.**

**Во најголем дел за истите е изречена алтернативна мерка - условна осуда;**

Помал дел на кривични дела се однесуваат на **ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО,** односно повреда на психичкиот интегритет на жртвата, и тоа:

- **15 КРИВИЧНИ ДЕЛА ЗА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА СИГУРНОСТА** ПРИ **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** и покрај фактот за зачестеност на овој вид на насилство

(**СЕКОЈА ВТОРА** жена во Р.М. трпи некој од облиците на **психичко насилство**)

**СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО - НАЈТЕШКА ПОВРЕДА** на правото на полова слобода со употреба на **сила и закана**

- **3 КРИВИЧНИ ДЕЛА ЗА СИЛУВАЊЕ**

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Мониторирани **се 6 кривични дела за трговија со луѓе.** За половина од предметите донесена е пресуда, а останатите се во тек.

**Во четири од предметите тргувани се малолетни девојки,** а пак во **пет предмети тргуваните жени се принудени на давање на сексуални услуги;**

Еден од предметите се однесува на посебна форма на тргување на жени, **односно продажба и принудно склучување на брак на малолетничка од ромско потекло;**

# ПРЕГЛЕД НА ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ по вид на насилство

## СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Мониторирани се **9 судски предмети за изрекување на Привремени мерки за заштита од семејно насилство**[1]**,** од кои осум се завршени а еден е активен. Два од предлозите биле повлечени поради неприсуство на жртвата како предлагач.

Бројот на **граѓански предмети** за заштита од семејно насилство е за **седум пати понизок** од бројот на **кривични постапки** за казнување на сторителите на семејно насилство (9 наспроти 65 кривични постапки за семејно насилство)




[1] Привремените мерки за заштита се законски предвидени единствено за жртвите на семејно насилство и истите се изрекуваат во граѓанска судска постапка.

**Контакти:**
- Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), тел:02 3298-295; Центар за правна помош за жртви на семејно насилство, тел: 3117-866; - Отворена Порта - Ла Страда, тел: 080011111; - Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници, тел: 02 3214269